

ОРДИНАЦИЈА
„Д-Р СВЕТЛАНА“

# МЕДИЦИНА ВО СЛУЖБА НА ЕСТЕТИКАТА

*„Убавината е нешто што природата ни го дарува со раѓање. Но, истата таа природа некогаш е шкрта кога дарува. Сепак, убавината на душата, што многу повеќе ја ценам, е последица на заемното влијание на генотипот и фенотипот. Може ли една душа која страда од комплекси и од злобни реакции на околината (добиени на сметка на комплексите) да биде убава, благородна? Тешко. Затоа сметам дека ситните естетски недостатоци кои нè прават несреќни, нè тераат да се повлечеме во својот кожурец, нè депримираат и предизвикуваат страв и срам од отворени контакти со другите луѓе. Доколку ги отстраниме, личноста секако ќе се смени и ќе продолжи со поквалитетен живот. Таква личност оди со крената глава и не се плаши да го задржи погледот (не на кратко) „очи в очи“ со другите. Стекнувањето на самодовербата е поле врз кое работат психијатрите, но во овој случај кога причината е од естетска природа можеме да помогнеме и ние, дерматолозите.“*

Ова е прва ординација која претставува спој од дерматологија, венерологија и медицинска козметологија - сè на едно место. По тринаесетгодишна работа во државниот сектор, Д-р Светлана, водена од ентузијазам реши да направи нешто што го нема кај нас. Пред сè тоа е моделирање на убавината на лицето и телото, без скалпел, конечно под контрола на стручњак, чија специјалност е кожата. Тоа подразбира лекување, отстранување на недостатоците и понатамошна нега на пациентот. Наедно и помош при создавањето навика на еден хигиенско-диететски режим со цел резултатите да се задржат подолго и да се спречи појава на нови потешкотии.

За сето ова беспрекорно да функционира, оваа современа ординација е опремена со високо компјутеризирана апаратура од последна генерација, која по испитувањата на научно-стручни тимови е медицински најоправдана. Препаратите што се употребуваат во физикалната терапија на проблематична кожа се последен „крик“ во светската козметологија кои на меѓународниот конгрес во Париз ('95 год.) добија највисока оценка. Што е тоа крик? Сите препарати се на база на природни состојки, без конзерванси, хипоалергени, со други зборови биолошко-витамински третман.

Најчесто зборуваме за здрава и негувана кожа на жената, а каде е тука местото на мажот? Зошто се смета дека на маж му се дозволени предвремени брчки, мрсна коса и првут на главата? Колку пријатно чувство кога се поздравувате со рака која гребе! Како може еден млад бизнисмен, во денешно време да си го дозволи тоа? Ако тој не полага доволно грижа за себе, како очекувате вас да ви обрне достојно внимание и да има сериозен, темелен пристап кон една идна зделка. Морам да речам дека ме радува што срамежливо, но сепак надежно, доаѓаат и мажи кои имаат потреба од помош при првите знаци на стареењето и други естетски проблеми на кожата. Ова многу зборува за современиот маж, кај нас, вели д-р Светлана. Затоа ја прашуваме:

**Која е допирната точка на медицината и естетиката во третманите на Д-р Светлана?**

„Со избирање на различна компјутерска картица се добива саканата функција на апаратите, зависно од индивидуалните потреби на пациентот“ - одговара таа. Ревитализација, тонизирање, антиедематозното дејство на уморна, стара, дехидрирана кожа и кожа на пушачи. Отстранување на жолтоземјена боја и подочници кај бубрежни и друг вид болни. Дренирање на отоци кај: флебостази на долните екстремитети, синдром на отечена рака по мастектомија, ревматски отоци (каде имаме и отстранување на болката поради лачење на Ендорфин), посттрауматски, постоперативни отоци. Лечење на целулит и згоеност со метода на електролиполиза која е најделотворна, нехируршка постапка. Зависно од тежината на степенот на целулитот и потреба од побрз ефект се врши комбинација со рачна масажа со бршленово масло. Тонизирање на олабавените мускули поради недоволна физичка активност и природниот процес на стареењето, го разубавува мускулниот цртеж на телото. Честите болки во пределот на грбот и вратот поради постојаната напнатост на мускулите од стрес и континуирана психичка напнатост, кои се чести во денешното лудо темпо на живеењето, се отстрануваат со програмот релаксација.

Акни во пубертет и кај повозрасни пациенти: физикална терапија на лицето, рамената и грбот, што опфаќа медицинска терапија, темелно чистење, диета и континуирано следење на пациентот со цел да се спречат последиците, т.е. лузните. Хормоните во пубертетот беснеат и не може да се спречи појавата на акни, но, може да се стивне интензитетот и намалат трајните секвели. Трајно чистење на големи комедони и милиуми со електрична игла.

Електрокоагулацијата на површни со проширени капилари на лицето и нозете, пајаковидни мадежи, каутеризација на кожни израстоци меѓу кои и папиломи предизвикани од ПАПОВА вируси.

Зголемена влакнетост: поединечните влакна на несакани места се отстрануваат со електроепилација со најтенки игли, без лузни, а на поголеми површини на лицето и телото се работи со Епилскан апаратот, компјутеризиран, најуспешен во групата на апарати со сонди. Со помош на активен гел кого електричното поле го внесува длабоко во фоликулот, влакната трајно атрофираат и дефинитивно исчезнуваат. Се разбира доколку не постои хормонален дисбаланс. Квантитативна и квалитативна промена на влакнетоста се гледа по третиот третман. Сондата која се користи за епилација на нозе и раце е трипати поголема од сондата за лице, што многу го скратува времетраењето на постапката. Методата е комплетно безболна, неагресивна.

„Дијагностиката и терапијата на класичните кожно-венерични болести е она што најмногу ме исполнува. Јас сум пред сè лекар, дерматовенеролог“ - вели на крајот Д-р Светлана.



**Ординација „Д-р Светлана“**
**ул. Орце Николов 29/9**
**(во центар до главна пошта)**
**тел. 229-031**